**ЗАПИСНИК ОД КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА ЛЕСС**

**Одржана на 19.10.2022 во 13:00 часот**

Првата конститутивна седница на Локалниот Економско Социјален Совет на Општина Битола се одржа на 19.10.2022 (среда) во Салата на Советот на Општина Битола, со почеток во 13.00 часот.

Седницата ја водеше Борче Димитровски, Секретар на Општина Битола. Присутни 19 членови на ЛЕСС (прилог список за присуство).

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Запознавање со улогата и значењето на ЛЕСС Битола – кратка презентација
2. Избор на претседавач на ЛЕСС Битола
3. Избор на заменик претседавач на ЛЕСС Битола
4. Избор на секретар на ЛЕСС Битола
5. Разгледување и усвојување на предлог Деловник за работа
6. Разгледување на Предлог годишна програма за работа на ЛЕСС за 2022 година, доставена од Конфедерација на слободни синдикати на Македонија и дефинирање на понатамошни активности
7. Разно

Секретарот на општината, Борче Димитровски, на почетокот на седницата, информираше дека, истата има протоколарен и работен дел. Во протоколарниот дел, Димитровски го повика градоначалникот на општина Битола, Тони Коњановски да земе збор.

Градоначалникот Коњановски ги поздрави присутните и ги нагласи очекувањата од работата на ЛЕСС от:

**Обраќање на градоначалникот Тони Коњановски:**

Почитувани присутни,

Сакам да Ви се заблагодарам за Вашето денешно присуство на конститутивната седница на локалниот економско социјален совет и да го искажам моето верување дека, од денес овој совет активно ќе започне со работа, а од неговото функционирање ќе произлезат активности, мерки и предлози кои заеднички ќе можеме да ги реализираме.

Самото тоа што потписници на спогодбата за формирање на ЛЕСС се општината, организацијата на работодавачи, Сојузот на синдикати и Конфедерацијата на слободни синдикати, јасно зборува за партнерството на кое сме согласни со цел подобрување на економско – социјалната сфера и подобрување на социјалниот дијалог воопшто. Тука, посебно е релевантно вклучувањето и постојаната соработка со бизнис секторот, центарот за вработување, здруженијата на граѓани, претставници од образованието и сите други субјекти кои на овој начин ќе даваат свои предлози и мислења, а со тоа ќе бидат значајна поддршка во нашата работа.

Како општина, веќе и во внатрешното функционирање ја подобривме комуникацијата со синдикалните организации, за што потпишавме и колективен договор, со кој верувам дека ќе се

овозможи и поголемо почитување на работничките права, но со тоа и исполнувањето на обврските од страна на вработените, што очекувам да резултира со поголема ефикасност и ефективност на општинската администрација.

За мене како градоначалник, особено е важно конституирањето на овој совет да не остане само на хартија, туку од него да произлезе акциски план и годишна програма, за кои после периодот кој ќе го предвидиме, ќе можеме да кажеме дека во најголем процент се реализирани.

Во овој контекст, отворен сум за постојана соработка со сите претставници на ЛЕСС – от, за да можеме пред се полесно да ги надминеме моменталните предизвици со кои се соочуваме, но и да ги мотивираме младите да делуваат во својата општина, да создадеме услови за намалување на невработеноста, колку што можеме да влијаеме на подобрување на состојбата со понудата и побарувачката на пазарот на трудот, да ги подобриме можностите за школување, згрижување на децата од предучилишна возраст, како и да иницираме решенија за подобрување на можностите за социјално ранливите категории.

Верувам дека, лицата кои ќе раководат со овој совет, ќе имаат доволно ентузијазам и мотивираност, за посветена работа и обезбедување функционалност на ова тело, кое навистина доколку функционира според определените цели и задачи, може да даде големи резултати.

Општината во ЛЕСС ќе ја претставуваат двајца претставници од општинската администрација, Борче Димитровски, секретар на општината и Цветанка Ристевска, Раководител на одделение, а во координација со Советот на општина Битола и двајцата советници Марица Тодоровска, советник од ВМРО ДПМНЕ и коалицијата и Борче Корлевски, советник од СДСМ и коалицијата", рече градоначалникот Коњановски, по што секретарот Димитровски го презеде работниот дел од седницата.

Димитровски го прочита дневниот ред, нагласувајќи дека, првата точка останува на дневен ред, а предлага точките 2,3 и 4 да се разгледуваат како една точка, додека точките 5 и 6 да се иземат од дневниот ред од следните причини: точка 5, да се изземе поради констатирана неусогласеност помеѓу потпишаната спогодба и деловникот за работа, а точка 6 поради тоа што предлог програмата за работа на ЛЕСС треба да биде усогласена од страна на сите членови на ЛЕСС.

Вака предложениот дневен ред со точките 1,2 (која ги вклучува 3,4) и точка 7, беше ставен на гласање и едногласно прифатен.

По усвојувањето на дневниот ред, беше претставена кратка презентација која се однесуваше на досегашната работа на ЛЕСС, од конституирање во 2013 година до 2022 година. (**точка 1** од дневниот ред).

После презентацијата, Борче Димитровски нагласи дека живееме во време на криза, постковид период, како и период во кој улогата на ЛЕСС мора да биде и еден вид коректив на делувањето. Димитровски нагласи дека, во следниот период ќе имаме поинтензивни и поредовни активности со што ќе се оправда постоењето на ова тело.

**Како точка 2**, Димитровски премина на избор на претседавач, заменик претседавач и секретар. Од негова страна за претседавач беше предложена Гордана Балтовска, претставник од организација на работодавачи, од АД Стопанска банка Битола, која во досегашната работа бележи успеси и

големи резултати. Тој нагласи, дека добро е претседавачот на ЛЕСС да доаѓа од стопанството и своите успешни менаџерски способности да ги искористи во едно вакво тело. Димитровски праша дали освен неговиот предлог има и друг предлог.

**Присутните, едногласно ја избраа Гордана Балтовска за претседавач на ЛЕСС.**

Гордана Балтовска, се заблагодари за изборот, нагласувајќи дека има голема мотивираност за работа и се надева дека во следниот период, ЛЕСС ќе постигне високи резултати. Таа исто така нагласи дека, потребно е да се изврши услогласување помеѓу Деловникот за работа и спогодбата.

Како дел од **втората точка** Балтовска предложи, заменик претседавач на ЛЕСС да биде Борче Димитровски, а секретар Цветанка Ристевска, како претставник од општинската администрација.

За нејзиниот предлог, збор зеде Љупчо Василевски, претставник од Сојуз на синдикати на Македонија, кој рече дека ЛЕСС Битола, во изминатиот период, не бил успешен пример, за разлика од некои ЛЕСС ови од други општини, но сега очекува дека таа ситуација ќе се промени, имајќи го предвид и претходното искуство на секретарот на општината, кој претходно одбележа период на успешно менаџирање (пример за успешен директор) со Центарот за култура. Василевски, се согласи дека, потребно е да се изврши усогласување на Деловникот со спогодбата, при што предложи мандатот на претседавачот и заменик претседавачот да бидат една година, на секретарот 4 години заради континуитет, а исто така потенцираше дека изборот со консензус не е најдобар начин на избор, односно дека треба да се размисли и за промена во тој дел.

Секретарот на општината, Борче Димитровски, се согласи дека, потребно е да се направи измена, за што ќе бидат искомуницирани сите членови на ЛЕСС.

**Предлогот на избраниот претседавач, Гордана Балтовска: Борче Димитровски да биде избран за заменик претседавач, а Цветанка Ристевска за секретар на ЛЕСС, беше едногласно усвоен.**

**Во точка разно,** заменик претседавачот Борче Димитровски, информираше дека, општина Битола, во соработка со МКЦ Битола и проектот кој го реализираат, по повод празникот на градот на 03 ноември, планираат организација на јавна дискусија на тема „Урбана мобилност", на која добро е да присуствуваат сите членови на ЛЕСС. Јавната дискусија ќе се одржи во 12.00 часот во хотел Милениум.

По ова, збор зеде Златко Талевски, извршен директор на МКЦ Битола, кој информираше дека МКЦ Битола, од 2019 го спроведува проектот за унапредување на социјалниот дијалог, каде се вклучени ЛЕСС ови од повеќе општини, а истиот е поддржан од Меѓународниот центар Олоф Палме од Шведска. Талевски, се заблагодари за соработката и нагласи дека, добро е што на настанот кој претстои ќе се разменат искуства со други градови, а до крајот на годината предвидени се и студиски посети, кои се исто така значајни. Талевски, изрази верување дека, ваквиот начин на функционирање, ќе придонесе за успешна работа.

Новиот претседавач на ЛЕСС, Гордана Балтовска, продолжи со седницата, истакнувајќи дека, во следниот период, ќе се залага за многу повеќе активности на ЛЕСС Битола, а во работата ќе побара вклучување и на други релевантни фактори, значајни за областите во кои делува ЛЕСС.

Претседавачот Балтовска, нагласи дека има неусогласеност помеѓу член 9 од Спогодбата и член 6 од Предлог Деловникот, така што, потребно е да се извршат соодветни технички усогласувања, како и формирање на соодветни координативни тела.

Исто така, Балтовска напомена дека на овој состав на ЛЕСС, му претстои многу работа, затоа што неопходно е да се изготви извештај за работата за 2022, како и Годишен план и програма за работа на ЛЕСС за 2023 година, со дефинирање на активности од приоритетно значење.

Поради неопходноста од брзо делување, Балтовска предложи, следната седница да биде пред 3 ноември, но заради обврски на дел од членовите на ЛЕСС, беше договорено следната седница да биде на 16 ноември 2022 година, за што членовите на ЛЕСС, работните материјали и дневниот ред, ќе ги добијат најдоцна до 06 ноември 2022 година.

На ваквиот предлог, се согласија сите членови на Локалниот економско – социјален совет, по што претседавачот Гордана Балтовска, ја заврши седницата.

**Заклучоци**

1. **Потребно е усогласување на Деловникот за работа и Спогодбата за основање на ЛЕСС**
2. **Потребно е изготвување извештај за 2022 година**
3. **Потребно е изготвување на Годишен план и програма за работа на ЛЕСС за 2023 година**
4. **Вклучување на други релевантни субјекти во работата на ЛЕСС Битола**
5. **Формирање на координативни тела**
6. **Достава на работни материјали до членовите до 06.11.2022**
7. **Одржување на следната седница на ЛЕСС на 16.11.2022**

Записникот го водеше:

**Секретар на ЛЕСС Битола**

**Цветанка Ристевска**

**Odобрил:**

**Претседавач**

**Гордана Балтовска**